# Службен весник на Република Македонија

**Број 80** **29 јуни 2017, четврток** **година LXXIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1409. | **Одлука** за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија......... | 2 |
| 1410. | **Одлука** за помилување на осудени лица.................................................... | 2 |
| 1411. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Агенцијата за млади и спорт................................ | 2 |
| 1412. | **Решение** за именување в.д. директор на Агенцијата за млади и спорт........... | 3 |
| 1413. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Државниот архив на Република Македонија.......... | 3 |
| 1414. | **Решение** за разрешување од должноста портпарол на Владата на Република Македонија.......................... | 3 |
| 1415. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија-Скопје......... | 3 |
| 1416. | **Решение** за именување в.д. директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија-Скопје........................................ | 4 |
| 1417. | **Решение** за именување вршител на должноста директор на Државниот архив на Република Македонија...... | 4 |
| 1418. | **Решение** за разрешување од должноста директор на Државниот завод за статистика...................................... | 4 |
| 1419. | **Решение** за именување в.д. директор на Државниот завод за статистика...... | 5 |
| 1420. | **Решение** за разрешување од должноста вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат.......... | 5 |
| 1421. | **Решение** за именување в.д. директор на Државниот управен инспекторат..... | 5 |
| 1422. | **Решение** за разрешување и именување член на Посебната комисија за утврдување условот – владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Македонија............... | 5 |
| 1423. | **Решение** за определување претставници во Советот на ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп......... | 6 |
| 1424. | **Правилник** за изменување на правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија. | 6 |
| 1425. | **Решение** за издавање уверение за инвестиционо советување.................. | 7 |
| 1426. | **Правила** за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија .................................. | 7 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-72 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1409.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членот 31 став 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15 и 39/16), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 29 јуни 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ЗАРАДИ ЗГОЛЕМЕН ОБЕМ НА ВЛЕЗ И ТРАНЗИТИРАЊЕ НА МИГРАНТИ НИЗ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 162/15, 59/16 и 189/16), во членот 1 зборовите: „до 30 јуни 2017 година“, се заменуваат со зборовите: „до 31 декември 2017 година“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08-1875/1 | Претседател на Собранието |
| 29 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **м-р Талат Џафери,** с.р. |

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1410.**

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/93 и 99/16), Претседателот на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА**

I

Извршувањето на изречената казна затвор му се замени со условна осуда за време од 2 години на осуденото лице:

1. ЕЛМАЗ АЛИ АЛИЈИ од с.Порој, Тетово, во траење од 3 месеци.

II

Извршувањето на изречената казна затвор му се замени со условна осуда за време од 3 години на осуденото лице:

1. ХИШАМ НЕЈАЗИ РЕЏЕПИ од с.Слупчане, Куманово, во траење од 8 месеци.

III

Делумно се ослободува од извршување на изречената казна затвор осуденото лице:

1. СТЕФАН ЈОНЧЕ НАЦЕВСКИ од с.Пчиња, во траење од 6 месеци.

IV

Делумно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. БЕКИМ РАИМ МЕМИШИ од Скопје, во траење од 3 месеци.
2. АЛЕКСАНДАР ЛОЗАН МАНЕВСКИ од Скопје, во траење од 3 месеци.
3. ФЕРАТ НУРИ МАМУТИ од Скопје, во траење од 3 месеци.
4. ИГОР СТОЈАН АНЃЕЛОВСКИ од с.Режановце, во траење од 3 месеци.
5. РУДИ СТЕФАН ТОСЕВ од с.Ново Село, општина Ново Село, во траење од 3 месеци.
6. ХРИСТОС БОРИС ПОПОВСКИ од Скопје, во траење од 5 месеци.
7. СОКОЛИ БЕДРИ САДИКИ од Скопје, во траење од 2 месеци.
8. ДАРКО ГОРГИ КРАМАРСКИ од Берово, во траење од 3 месеци.
9. ДЕЈАН ЗВОНКО ТРАЈКОВСКИ од Велес, во траење од 2 месеци.
10. GOURIYE ANUVERE – ХУРИЈЕ АНУВЕРЕ од татко ЈУСЕФ, од Енцхеде, Холандија, во траење од 6 месеци.
11. МАЌО СТЕФО ВУРМО од с.Туминец, Корча, Република Албанија, во траење од 3 месеци.
12. КХАНОМ ХАНАН МУСТАФА, од Бон, СР Германија, во траење од 6 месеци.
13. ЈАН ХУСАИН МУСТАФА од Бон, СР Германија, во траење од 6 месеци.
14. ЃОКИЦА ХРИСТО МИТРЕВСКИ од Скопје, во траење од 3 месеци.
15. СОФКА МИХАИЛ КУШОВСКА САФИТЛИ од Скопје, во траење од 5 месеци.

V

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08- 663/1 | Претседател |
| 28 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | д-р **Ѓорге Иванов,** с.р. |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1411.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија “ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

1. Марјан Спасески се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за млади и спорт.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2981/1 Претседател на Владата
27 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1412.**

Врз основа на член 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија “ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

1. За вршител на должноста директор на Агенцијата за млади и спорт се именува Дарко Каевски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2982/1 Претседател на Владата
27 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1413.**

Врз основа на член 1-а став 2 од Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 41/2014, 72/2015, 148/2015, 169/2015 и 53/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Филип Петровски се разрешува од должноста директор на Државниот архив на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2987/1 Претседател на Владата
27 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1414.**

Врз основа на член 40-а став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОРТПАРОЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Александар Ѓорѓиев се разрешува од должноста портпарол на Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2988/1 Претседател на Владата
27 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1415.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ

1. Лука Кржалоски се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија-Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија .“

| | |
|---|---|
| Бр. 24-2990/1 | Претседател на Владата |
| 27 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1416.**

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ

1. За вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија – Скопје се именува Мартин Костовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија .“

| | |
|---|---|
| Бр. 24-2991/1 | Претседател на Владата |
| 27 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1417.**

Врз основа на член 1-а став 2 од Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 41/2014, 72/2015, 148/2015, 169/2015 и 53/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За вршител на должноста директор на Државниот архив на Република Македонија се именува Кирил Петров.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-2992/1 | Претседател на Владата |
| 27 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1418.**

Врз основа на член 9, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/97, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 42/2014, 192/2015 и 27/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

1. Лидија Костовска се разрешува од должноста директор на Државниот завод за статистика.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-2995/1 | Претседател на Владата |
| 27 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1419.**

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/97, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 42/2014, 192/2015 и 27/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

1. За вршител на должноста директор на Државниот завод за статистика се именува Апостол Симовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2996/1 Претседател на Владата
27 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1420.**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015 и 53/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. Ромео Деребан се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-2997/1 Претседател на Владата
27 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**1421.**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015 и 53/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

1. За вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација, се именува Фаница Николоска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-3000/1 Претседател на Владата
27 јуни 2017 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**1422.**

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за државјанство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/92, 8/2004, 98/2008, 158/2011 и 55/2016), а во врска со член 2 и 3 од Одлуката за образување Посебна комисија за утврдување условот - владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Македонија бр. 17-3093/1 од 1 ноември 1993 година, Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ПОСЕБНАТА КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ УСЛОВОТ – ВЛАДЕЕЊЕ СО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Јорданка Ацовска се разрешува од должноста член на Посебната комисија за утврдување условот – владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Македонија.

2. За член на Посебната комисија за утврдување условот – владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Македонија, се именува Снежана Маркова-Пендовски од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-3001/1 | Претседател на Владата |
| 27 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1423.**

Врз основа на член 30 од Законот за научно - истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ВО СОВЕТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА СТАРОСЛОВЕНСКА КУЛТУРА - ПРИЛЕП**

1. За претставници во Советот на Јавната научна установа Институт за старословенска култура - Прилеп се определуваат:

- д-р Љупчо Маркушески
- д-р Татјана Атанасоска и
- д-р Бранко Димески.

2. Со определувањето на новите претставници во Советот на ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп, на досегашните претставници им престанува мандатот.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-3002/1 | Претседател на Владата |
| 27 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**1424.**

Врз основа на член 110 став (2) и член 111 став (8) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ, СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА АКТИТЕ, УПИСНИЦИТЕ, КНИГИТЕ И ИМЕНИЦИТЕ НА НОТАРОТ, ПОМОШНИТЕ КНИГИ, НАЧИНОТ НА ПРИМАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА НОТАРСКИТЕ ИСПРАВИ И ПРЕДМЕТИТЕ ОД ВРЕДНОСТ И НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И ПРЕЗЕМАЊЕ, НАЧИНОТ НА ЧУВАЊЕ И ОБНОВА НА НОТАРСКИТЕ СПИСИ И ИСПРАВИ, НАЧИНОТ НА АРХИВИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА АРХИВИРАЊЕТО, КАКО И ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДРУГИ ФОРМАЛНИ ДЕЈСТВИЈА**

Член 1

Во Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/16), во членовите 86, 87 и 88 зборовите „2017 година“ се заменуваат со зборовите „2018 година“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-2046/4 | |
| 28 јуни 2017 година | Министер за правда, |
| Скопје | **Билен Салији**, с.р. |

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1425.**

Врз основа на член 150 и член 184 од Законот за хартии од вредност („Службен весник РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/201, 13/2013, 188/2013 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) и член 20 и член 24 став 4 од Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување („Службен весник на РМ“ бр. 91/2014, 128/2014 и 107/2016), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на својата седница одржана на 12.6.2017 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ УВЕРЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ**

1. Се одобрува барањето за признавање на квалификација стекната во странство во областа на инвестиционо советување на лицето Татјана Бојковска, дипломиран економист од Скопје.
2. На лицето Татјана Бојковска и се издава уверение за инвестиционо советување.
3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број УП1 09-99
12 јуни 2017 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1426.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 27 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), на седницата одржана на ден 27 јуни 2017 година, донесе

**П Р А В И Л А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

(1) Во Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 42/2014, 57/14,194/2014 и 190/16), по членот 134, се додава нов член 135 кој гласи:

“Член 135

(1) Прилог 3, Методологија за пресметка на активирана балансна енергија и Прилог 4, Методологија за пресметка на порамнување на отстапувања на балансно одговорните страни, ќе се применуваат од 1 јануари 2018 година.

(2) Во периодот, од влегувањето во сила на овие Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија до 31 декември 2017 година, ОПЕЕ е должен, по претходно добивање на податоци од ОЕПС и ОДС, да врши пресметка на надоместокот за отстапувањата и истиот да го доставува до балансно одговорните страни.

(3) Од 1 јануари 2018 година нема да се применува Прилог 1, Методологија за пресметка на надоместокот за услугите за урамнотежување.

(2) ”Членот 135 станува член 136.

Член 2

(1) Овие Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1133/1
27 јуни 2017 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2017080